## Коментари на раководството на субјектот и проценка на ревизијата

По издадениот Нацрт ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност – Оценка на нивото на имплементација на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во РМ, доставен е допис во форма на пишани забелешки и коментари од МФ на РМ – Сектор за ЈВФК, до ДЗР на ден 26.01.2011 година на НРИ бр. 15 – 46752/2 од 21.01.2011 година заведени во ДЗР под број 13 – 201/1 од 26.01.2011 година. НРИ е испратен на 29.12.2010. Доставените забелешки/коментари се прегледани од ОДР и раководителот на екипата која ја изврши ревизијата. Применените пишани забелешки/коментари се предмет на разгледување и на Стручното тело за оценка и компактност на ревизорските извештаи пред доставување на законски утврдените субјекти[1]. Забелешките/коментарите за одредени делови од НРИ поднесени од МФ на РМ – Сектор за ЈВФК ќе бидат претставени почитувајќи и применувајќи го принципот на "реченица за реченица" со цел истите да бидат јасно разбрани, да се испочитува ставот на МФ на РМ како и ставот на ДЗР. Овие одговори претставуваат интегрален дел на Конечниот ревизорски извештај на ОДР и се презентираат во поглавјето Коментари на субјектот и проценка на ревизијата – Прилог 2.

Наведените забелешки/коментари содржат само еден документ дополнителна придружна документација, и истите претставуваат пишани образложенија и квалификации на констатираните состојби и неправилности во НРИ од аспект на нагласувања по одредени точки. Дел од наведени забелешки/коментари не нудат нови докази ниту документација која влијае на промена на искажаните состојби во извештајот ниту во одговор на поставените ревизорски цели. Посочените аспекти во забелешките/коментарите се разгледани од аспект на нивна поткрепеност со дополнителна документација и оправданост со цел доколку нудат нови информации и докази во функција на ревизијата да се изврши дополнување на постојниот НРИ и да се презентираат во конечниот ревизорски извештај.

Забелешките/коментарите од МФ на РМ – Сектор за ЈВФК по НРИ се дадени во оригинална скенирана форма заради запазување на ставот на институцијата. Во продолжение ќе бидат претставени извадоци од НРИ за кои се доставени забелешките од МФ на РМ – Сектор за ЈВФК, проценка на ОДР и заклучок на ревизијата.

### Проценка на ОДР и заклучок

Во дел од забелешките/коментарите на МФ на РМ – Сектор за ЈВФК во прилог не е приклучена дополнителна документација за дадените образложенија (освен извадок од Нацрт записник на Владата на РМ) од кои би се проценила можната корекција на оценките дадени во НРИ со цел истите да се вградат во Конечниот ревизорски извештај. Забелешките по НРИ од страна на МФ на РМ – Сектор за ЈВФК претставуваат образложенија, констатации и известувања за одредени делови, без при тоа за дел од истите да се приложат пишани документи за поткрепа.

[1]Формирано со Решение бр. 02 – 250/1 од 18.02.2010 година донесено од ГДР;

**Извадок од НРИ – Ревизорски наоди точка 3.1.** – "Согласно одредбите од Законот за ЈВФК, министерот за финансии треба да ги донесе подзаконските акти во рок од една година од стапувањето во сила[2]. Законот упатува на донесување на вкупно 13 подзаконски акти во определениот период кои заклучно со Ноември 2010 година МФ на РМ има донесено вкупно 10 подзаконски акти. До денот на завршувањето на ревизијата останатите 3 подзаконски акти не беа донесени.
**Забелешка на МФ на РМ по извадокот – точка 1 од документот.**
**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон работењето на МФ на РМ – Сектор за ЈВФК, сакаме да укажеме на фактот дека наведените подзаконски акти во забелешките се донесени кон крајот на 2010 година по доставувањето на НРИ до МФ на РМ, и во ревизорскиот извештај е точно прецизирано дека заклучно со Ноември 2010 година МФ на РМ има донесено вкупно 10 подзаконски акти.
**Заклучок на ревизијата:** Донесени се два подзаконски акти и констатацијата наведена во НРИ ќе биде соодветно изменета во конечниот ревизорски извештај во ревизорските наоди.

**Извадок од НРИ – Резиме на резултатите** – "Со нашата ревизија утврдивме дека во периодот од 2006 – 2010 година изработени се Стратегии за развој на ЈВФК во Република Македонија, но освен документот од 2006 година, сите последователни не се формално усвоени од страна на Владата на РМ. Ставот на МФ на РМ е дека со усвојувањето на Стратегијата за развој на ЈВФК во РМ од 2006 година, обезбедена е согласност и еднаков пристап за воведување и развој на ЈВФК на национално и институционално ниво на генерален план иако подоцна се развивале и други стратегии. Наша оценка е дека последно изработената стратегија 2010 – 2012 која не е усвоена, повеќе внимание посветува на веќе дефинирани објаснувања за концептот и описи на елементите на ЈВФК, описи на тековните состојби во РМ, додека мерките кои се основа за понатамошно развивање на еден стратешки документ, институциите и роковите за спроведување на проекциите се доста скромни и воопштени".
**Забелешка на МФ на РМ по извадокот – точка 2 од документот.**
**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон работењето на МФ на РМ – Сектор за ЈВФК сакаме да укажеме на фактот дека во текот на вршењето на ревизијата одговорните лица во МФ на РМ – Сектор за ЈВФК до ревизијата доставија Стратегија за развој на ЈВФК за 2010 – 2012 година потпишана дека не е усвоена од страна на Владата на РМ и до завршувањето на ревизијата не доставија дополнителен документ со кој се потврдува усвојувањето од страна на Владата на РМ. Со доставените забелешки МФ на РМ – Сектор за ЈВФК достави документ - Нацрт записник од 167 седница на Владата на РМ на која Владата ја усвоила стратегијата за развој на ЈВФК за 2010 – 2012 година..
**Заклучок на ревизијата:** Доставен е документ со кој се усвојува Стратегијата за развој на ЈВФК за 2010 – 2012 година од страна на Владата на РМ и констатацијата

[2]Извор на податоци: Закон за ЈВФК , член 56;

во резимето на резултатите ќе биде соодветно изменета во Конечниот ревизорски извештај а со тоа и во делот Ревизорски наоди точка 1.1.

**Извадок од НРИ – Резиме на резултатите** – "Со нашата ревизија утврдивме дека во посочената област се создадени позитивни услови во насока на донесена и применлива законска и подзаконска регулатива. Подзаконската регулатива од областа во поголем дел е донесена со задоцнување од една година од проектираниот рок со законот за ЈВФК, односно во втората половина на 2010 година, но сепак сме на мислење дека ќе придонесе за надминување на одредени слабости кај субјектите".

**Забелешка на МФ на РМ по извадокот – точка 3 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон МФ на РМ – Сектор за ЈВФК сакаме да укажеме на фактот дека во Ревизорските наоди во извештајот точно е прецизиран периодот во кој треба да бидат донесени подзаконските акти од страна на МФ на РМ и тој изнесува една година од стапувањето на сила на Законот за ЈВФК, додека во резимето на резултатите е направена техничка грешка во формулацијата на самата реченица.

**Заклучок на ревизијата:** Формулацијата наведена во резимето на резултатите ќе биде технички изменета во конечниот ревизорски извештај соодветно на ревизорските наоди.

**Извадок од НРИ – Ревизорски наоди точка 2.3.** – "Податоците од извештаите на ЦЕХ укажуваат на состојбите и лоцираните слабости, но не даваат генерална слика за степенот на исполнување на имплементацијата на концептот на ЈВФК, односно колкава е бројката на субјекти на централно и локално ниво кои ги воспоставиле целите во однос на вкупниот број на субјекти кои имаат законска обврска, кои цели од колку субјекти се воспоставени или не се воспоставени како и условите кои треба да се исполнат заради целосно воспоставување на системот на ЈВФК на двете нивоа".

**Забелешка на МФ на РМ по извадокот – точка 6 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон МФ на РМ – Сектор за ЈВФК сакаме да укажеме на фактот дека во Ревизорските наоди од НРИ е прецизирано дека податоците од извештаите на ЦЕХ укажуваат на состојбите и лоцираните слабости но не даваат генерална слика односно - детални анализи во однос на степенот на исполнување на имплементацијата на концептот на ЈВФК, во однос на бројот на субјекти на централно и локално ниво кои ги воспоставиле целите во однос на вкупниот број на субјекти кои имаат законска обврска, кои цели од колку субјекти се воспоставени или не се воспоставени.

**Заклучок на ревизијата:** не се приложени придружни документи и констатацијата останува во конечниот ревизорски извештај во иста форма.

**Извадок од НРИ – Ревизорски наоди точка 4.3.** – "Сите спроведени обуки во посочениот период се во организација на МФ на РМ, во рамки на договорените активности со Твининг и Матра проектите помеѓу МФ на РМ и МФ на Кралството Холандија со наслови "Зајакнување на системот на ЈВФК во РМ" и "Зајакнување и имплементирање на ЈВФК на централно ниво". Според образложенијата на

надлежните лица од МФ на РМ, обуките се спроведени со учество на странски експерти и предавачи од споменатите области, но во поднесената поткрепувачка документација отсуствуваат податоци кои и колку лица, од која област ги спровеле обуките, дали се спроведени евалуации помеѓу слушателите и како обуките се оценети, кои се потребите на слушателите во насока на идни обуки и други податоци.

Во евиденциите на МФ на РМ постојат информации и документи за други проекти кои упатуваат на реализирани активности – обуки спроведени во периодот 2000 – 2006 година, поврзани со реформа на јавната администрација како и развој и политика на РМ во областа на внатрешната ревизија, и финансирани од средства на PHARE програмата, Холандски гранд и ЕАР.

Според резултатите од нашата ревизија во насока на планирани, организирани и реализирани домашни обуки поврзани со концептот на ЈВФК како и според образложенијата на надлежните лица во МФ на РМ, не се извршени воопшто".

**Забелешка на МФ на РМ по извадокот – точка 8 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон МФ на РМ – Сектор за ЈВФК сакаме да укажеме на фактот дека во ревизорските наоди од извештајот точно и детално е прикажана состојбата со спроведените обуки за ЈВФК согласно добиената и доставена документација од МФ на РМ – Сектор за ЈВФК до ревизијата, како и е наведено дека обуките се спроведени во организација на МФ на РМ – Сектор за ЈВФК и истите се спроведени во РМ преку средства од странски проекти. Сакаме да потенцираме дека ревизијата не го негира фактот кој што е наведен во самиот извештај за тоа дека МФ на РМ – Сектор за ЈВФК организира и спроведува обуки за концептот на ЈВФК но истите се финансирани со средства од странски проекти.

**Заклучок на ревизијата:** Поради горенаведеното, констатацијата наведена во НРИ ќе биде соодветно изменета и дополнета во конечниот ревизорски извештај во ревизорските наоди.

**Извадок од НРИ – Ревизорски наоди точка 2.3.** – "Кај 15 институции формирана е ЕВР но истите реално не се пополнети со ниту еден ревизор".

**Забелешка на МФ на РМ по извадокот – точка 9 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон МФ на РМ – Сектор за ЈВФК сакаме да укажеме на фактот дека во ревизорските наоди точно е наведена реалната пополнетост на ЕВР додека во претходната формулација е направена техничка грешка.

**Заклучок на ревизијата:** формулацијата наведена во ревизорските наоди ќе биде технички изменета во конечниот ревизорски извештај и ќе гласи "Кај 15 институции формирана е ЕВР но 6 реално не се пополнети со ниту еден ревизор".